**Годиштен извештај за работата на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, во 2016 година**

„Витаминка“ како најголема прехранбена индустрија, или една од двете најголеми, во Република Македонија ја заврши 2016-та година со резултати кои можат во целина да се дефинираат како добри или задоволителни. Не ги оствари планираните очекувања кои уште во стартот на беа баш реално испланирани погледнато од аспект на настаните кои ги очекувавме и знаевме дека ќе нè пратат во 2016-та, но генерално можеме да бидеме до некаде задоволни од постигнатото во неа.

Во 2016 год. друштвото оствари единечни вкупни приходи во висина од 1.730.943 илјади денари, кои во споредба со остварените во 2015 год. бележат пораст од 1%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество имаат приходите остварени од продажба на производи и услуги од основна дејност, кои во споредба со остварените во 2015 год. бележат пораст од 3%. Остварените единечни вкупни расходи во 2016 год. изнесуваат 1.740.990 илјади денари и во споредба со 2015 год. бележат пораст од 5%. Порастот на вкупните расходи е во корелација со работењето во 2016 год. и во основа се должи на порастот на цените на одредени суровини. Во текот на 2016 год. имаше позитивни промени и во однос на залихите на почетокот и крајот на деловната година, во износ од 30.327 илјади денари. Друштвото оствари бруто добивка од 20.280 илјади денари.

Во 2016 год. и почетокот на оваа 2017 г., го приврши, заокружи со реализација, и тоа сосема успешна, инвестицискиот циклус од околу 9,0 милиони € во нови, најмодерни машини и цели производни линии, кој циклус заврши кон крајот на I-от квартал на оваа 2017 год., со кој чин и по капацитет и по квалитет „Витаминка“ се дообезбеди со најмодерни производни линии за потребите на своето производство во следните 10-15 години и со капацитет кај нив кој ќе ги задоволи сè поголемите потреби на некои сопствени познати брендови пред сè за странските пазари.

Се обезбеди комплетно нова линија за производството на најпознатиот наш бренд на пазарот „Стоби флипс“ -от со кој дневно се обезбедува огромно производство за задоволување на сите наши потреби. Се пушти во редовно производство најмодерната централна припремна линија за чисто чоколадни маси, со било кој квалитет, од cca 13-15 t на ден, за потребите на целата фабрика. И конечно, во изминативе денови на април, се вклучи во редовно производство и набавената најмодерна линија за производство за најновиот наш познат бренд на пазарот: „Чоко Стоби Флипс“-от од кој 90% од производството оди на странските пазари. Со оваа ново-набавена линија, капацитетот на тоа производство се зголеми за повеќе од два пати, со голем раст на продуктивноста во работењето, заштеди во

производството од секој аспект, видно подобрување на квалитетот на готовите производи и, што е најважно, со огромни можности за ширење на асортиманот на ваквиот тип на производи во неограничен број. Во изминатата 2016 год. „Витаминка" ги разреши во целост присутните тешкотии во тековното работење во нејзината фирма „Ведрина-2", во Белград, Србија, и таа од последниот квартал на изминатата година, и во изминативе неколку месеци од оваа 2017, отпочна сосема успешно, позитивно, да работи со приметно зголемен волумен на нејзината продажба. Со овој чин едно од двете долгогодишни жаришта кои носеа загуби на „Витаминка", и тоа доста поголеми, конечно ќе згасне.

Во 2016-та година, вкупниот приход на „Витаминка" порасна за скромни 2,60%, но вкупните расходи го имаа огромниот раст од 5,40%, кое нешто, пред сè, беше последица на енормниот раст на цената на шеќерот на светските пазари за повеќе и од 40%, а тој е една од 2-3-те најосновни суровини кои „Витаминка" ги користи во своето тековно производство. Но и кај другите користени репроматеријали набавните цени отидоа нагоре. Тешкотиите со огромната конкуренција на светските пазари каде „Витаминка" пласира сса 45% од своето производство не дозволуваа, паралелно со растот на цените на основните репроматеријали кои ги користеше во тековното производство, со еднаков процент да ги зголеми своите продајни цени за пазарите во странство.

И со пласманот на своите производи на домашниот пазар не беа остварени очекуваните и планирани резултати. Настаните од политичка природа во државава и во Европа, кризата со бегалците, одливот на голем дел млади стручни лица - граѓани на Република Македонија за работа во странски земји и сл., доведоа до состојба да приметно се намали бројот на населението во Македонија, и тоа она кое и најмногу ги трошеше производите какви што ние ги имаме во нашиот производен програм. Денес бројот на жители во Републикава цениме да е опаднат и да тој, на останатите граѓани во Републикава, не е повеќе од бројката 1,6-1,65 милиони. Од оваа основна причина ја имавме и стагнацијата во проджбата на пазарот во нашава Република во однос на доста подобриот обем на пласман на странските пазари.

Изминатата 2016-та година беше посебно значајна во работењето на „Витаминка" од два аспекти. Првиот, во оваа година славевме 60 години од формирањето и вториот, што ја пуштивме и новата производна линија, купена со најмодерна опрема и технологија, за производство на „Стоби флипс"-от, нова купена по 40-тина години работа на старата линија. Поради таа причина за „Стоби флипс"-от организиравме огромна наградна игра за нашите верни потрошувачи позната под името: СТОБИРАНКА за која потрошивме голем обем на финансиски средства. Овие два клучни настани реализирани во 2016-та, и тоа сосема успешно, од една страна, како реклама, беа сосема успешни, а од друга, тие нормално и очекувано имаа големо негативно влијание врз растот на производните и друг вид на трошкови во работењето на „Витаминка" во 2016-та со што имаа и директно големо влијание врз намалувањето на висината на добивката во таа година.

Бројот на вработените во „Витаминка“ во изминатата година се зголеми за 3,2% и достигна до бројката 651 вработен, но поради набавените нови далеку попродуктивни линии за производство во дел од погоните при крајот на 2016-та и во почетокот на оваа година, тој број на крајот на оваа година приметно, планирано и очекувано, ќе се намали. Тоа истовремено ќе придонесе за добар раст на продуктивноста во работењето кое нешто во изминатата година стагнираше или имаше и пад во повеќе сектори, неочекуван и непожелен.

„Витаминка“ на крајот на 2016 год. го зголеми својот имот за сса 3%.

До 31.12.2016 год. друштвото се стекна со вкупно 210 сопствени акции во согласност со Одлуката на Собранието на акционери бр. 02-1267/16 од 01.06.2016 год.

Политичката ситуација во земјава е голем негативен фактор кој е директен чинител што предизвикува пад во работењето на компанијава и во изминатата но и во оваа година досега.

Април 2017 год.

ПИ „Витаминка“ АД Прилеп,